Врз основа на член 19 алинеа 7 и член 30 став (8) од Законот за електронските комуникации (Сл. Весник на Република Северна Македонија бр. 135/25, и 269/25), по предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации, број 0508-22/28 од 11.06.2026 година, Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации на состанокот одржан на ден 12.06.2026 година донесе:

**ПРЕДЛОГ - ОДЛУКА**

**За користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2025 година**

**I**

Нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2025 година, кои произлегуваат од Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, при што се утврдени вишок финансиски средства од минати години во износ од 167.859.332,00 денари, се пренесуваат во Годишниот финансиски план за 2026 година а дел од нив се распределуваат на следниве расходни и приходни ставки:

II

РАСХОДНА СТАВКА 430 – ПРЕНЕСЕНИ СРЕДСТВА НА ДРУГИ СУБЈЕКТИ
430990 – Други трансфери – зголемување за 7.646.984,00 денари

Приходна ставка Средства за доплата на обврска по член 31 од Законот за електронски комуникации – зголемување за 7.646.984,00 денари

III

Стручните служби на Агенцијата за електронски комуникации да изработат измена и дополнување на Годишниот финансиски план за 2026 година и истиот да го доставт на одобрување до Комисијата како орган на Агенцијата за електронски комуникации.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзинето донесување.

Образложение

Согласно член 30 став (8) од Законот за електронски комуникации (Службен весник на Република Македонија бр. 135/25, и 269/25) е утврдено дека „Нереализираните средства од финансискиот план на Агенцијата од претходната година, Агенцијата ќе ги пренесе во финансискиот план за наредната година, при што може да одлучи тие средства, или дел од нив, да се искористат за развој на електронските комуникации и информатичкото општество, како и за други работи од значење за Република Македонија, утврдени со финансискиот план на Агенцијата".

Во согласност со оваа законска одредба, а имајќи го во предвид фактот дека со Годишната завршна сметка на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, е искажана загуба во износ од 109.321.198,00 денари пред оданочување, односно 103.204.986,00 денари по оданочување, нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации од 2025 година во износ од 167.859.332,00 денари, ќе се пренесат во Годишниот финансиски план за 2026, а 160.212.348,00 денари ќе се искажат како акумулирани средства за да се овозможи тековно и идно стабилно, финансиско функционирање на редовното работење на Агенцијата за електронски комуникации, а дел од нив во износ од 7.646.984,00 денари се распределуваат за доплата на обврска по член 31 од Законот за електронски комуникации.

При разгледувањето на доставениот предлог од Директорот на Агенцијата, како и приложената документација за користење на нереализираните средства од Годишниот финансиски план на Агенцијата за електронски комуникации за 2025 година, наведен во диспозитивот на оваа одлука, Комисијата оцени дека ќе се врши рестриктивна политика на Годишниот финансиски план за 2026 година, поради што врз основа на член 19 алинеа 7 и член 30 став (8) од Законот за електронските комуникации донесе Одлука како во диспозитивот.

Агенција за електронски комуникации

Комисија

Орце Симов, претседател

Наш број 1102-27/6

12.06.2026 година

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр. 21
1000 Скопје
Република Македонија
тел. 02 32 89 200
факс: +389 2 32 24 611
е-пошта: contact@aek.mk